НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
**ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА КРИВА ПАЛАНКА**
ул. Св. Јоаким Осоговски 226, Крива Паланка тел: +389 31 375 533 ; +389 76 381 000
nucentarzakulturakp@gmail.com
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македонија
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА
Бр. 03-25/4
22.01 2026 год.
Крива Паланка

Врз основа на член 21 и член 49 од Статутот на Националаната станова Центар за култура Крива Паланка, и член 32 и член 33 од Колективниот договор за култура и Законот за работни односи

**Годишен план на работното време**
**во НУ Центар за култура Крива Паланка за 2026 година**

1. Работното време за сите вработени изнесува 40 часа во работната недела (полно работно време) распоредено во пет работни дена од понеделник до петок и тоа од 08:30 часот до 16:30 часот со пауза од 12:30 до 13:00 часот.

1.1 Недела е неработен ден за сите вработени во НУ Центар за култура Крива Паланка;

1.2 Со Годишната програма за работа на НУ Центар за култура Крива Паланка за 2026 година не се предвидени активности и настани во недела;

2. Работното време на административните службеници е секој работен ден од 08:30 до 16:30 часот;

3. Работното време на работниците (давателите на услуги и помошно-технички лица) во сценско-уметничката, музичката, ликовната, драмската дејност, студиото на модерен балет, музичкото студио, библиотечната дејност е условено од траењето на настаните, пробите во фолклорот, пробите на музичкото студио, пробите на студиото за модерен балет, часовите од ликовното студио, пробите од староградската група, проби и подготовки со претставата во согласност со програмата за работа на установата.

3.1 Работното време на библиотеката е секој работен ден од 08:30 до 16:30 часот;

3.2 Настаните се одржуваат во НУ Центар за култура Крива Паланка и на отворен простор се во следниот период:

- Кино проекции: среда и петок од 19:00 или 20:00 часот;
- Отварање на ликовни изложби : дневен термин од 12:00 до 13:00 часот и вечерен термин од 18:00 до 19:00 часот;
- Театарски претстави: Дневен термин од 10:00 до 13:00 часот и Вечерен термин од 18:00 до 20:00 часот;
- Фоклорни концерти , музички настани и други културни манифестации ( кино сала и на отворено) од 18:00 до 20:00 часот.
- Празнични културни манифестации кои се во заедничка организација со Општина Крива Паланка и други институции (терминот е променлив во зависност од настаните и временските услови);
- Фестивали (театарски и фолклорен) и други културни манифестации терминот е промелив во зависност од условите и траењето на настаните;
- Закуп на кино салата за одржување на настан во НУ Центар за култура Крива Паланка работното време е условено од барањата за закупецот т.е организаторот.

3.3.Терминот за работа (проба) на секциите кој работат во склоп на НУ Центар за култура Крива Паланка е следниот:

- Пробата на КУД „8-ми Октомври " Крива Паланка ќе се одржува во кино салата секој вторник и четврток од 18:00 часот до 20:00 часот и секоја Сабота од 12:30 до 18:30 часот;
- Драмската секција ќе работи среда и петок од 18:00 до 20:00 часот;

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
**ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА КРИВА ПАЛАНКА**
ул. Св. Јоаким Осоговски 226, Крива Паланка тел: +389 31 375 533 ; +389 76 381 000
nucentarzakulturakp@gmail.com
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

- Ликовното студио ќе работи секој вторник и четврток во просториите на училницата од 18:00 до 20:00 часот;
- Пробите од музичкото студио ќе се одржуваат еден ден во неделата во просториите на НУ Центар за култура Крива Паланка;
- Пробите на студиото од модерен балет ќе се одржуваат еден ден во неделата во просториите на НУ Центар за култура Крива Паланка;
- Пробите на старградската група ќе се одржуваат еден ден во неделата во просториите на НУ Центар за култура Крива Паланка;
- Литературниот клуб „Калин" ќе работи секој четврток од 18:00 часот до 20:00 часот во просториите на Библиотеката;

4. Заради специфичноста на дејноста што ја извршува НУ Центар за култура Крива Паланка работното време може да биде двократно и работа во сабота.

- културната манифестација) во попладневниот или вечерниот дел кое е условено од потребата на институцијата.
- Работното време во сабота е условено од организирање на настанот (проба или работа на секциите, претстава, филм, промоција на книга, ликовна изложба, музички настан и друга културна манифестација) .

5. Вработените кои ќе бидат ангажирани во сабота имаат право да користат онолку слободни часови односно денови колку што биле ангажирани за работа надвор од редовното работно време. Слободните часови, односно денови во тековниот месец работникот ги користи до крајот на наредниот месец, по месецот во кој бил ангажиран.

6. Работното време може да биде пократко од 40 часа во работната седмица во случаите и од условите утврдени со Законот за работни односи (скратено работно време), но не помалку од 36 часа неделно. Одобрение за работа со скратено работно време за работата дава органот на државна управа надлежен од областа на трудот, по предходно прибавено мислење од здравствена установа која врши дејност медицина на трудот и мислење од инспекција на трудот.

7. Во согласност со годишниот план за распоред на работното време се носи месечен план за распоред на работното време и истиот се објавува на огласната табла на установата и ги известува вработените по писмен или по електронски пат, најдоцна до 26 – ти во месецот, а пред почетокот на месецот на кој се однесува распоредот. Доколку има промени вработените се информираат за измените во распоредот на работното време, најдоцна 24 часа пред почетокот на работата планирана според објавениот распоред.

Работнициите се должни да се информираат и да го почитуваат распоредот на работното време.

8. За сите останатанати работи во НУ Центар за култура Крива Паланка важат одредбите од Колективниот договор за култура објавен во Сл.Весник на РСМ бр.10 од 16.01.2020 година и Законот за работни односи.

22.01.2026 година
Крива Паланка

НУ Центар за култура Крива Паланка
Директор,
Сашко Доцевски